*Јавно претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ Гевгелија*
*04-1367/11*
*12.11.2024 година*

Врз основа на член 37-м од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на РМ 38/96; 9/97; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15; 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019, 89/22, 274/22 и 208/24) и член 27 од Статутот на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија, по јавен оглас за засновање работен однос за даватели на јавни услуги и помошно-технички лица од 10.10.2024 г. објавен во дневен печат на 14.10.2024 г. и Извештајот со записник на Комисијата за селекција за постапка за вработување од 07.11.2024 г., директорот на претпријатието,на ден 12.11.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидати за даватели на јавни услуги**
**за засновање работен однос на неопределено време**

1. По јавен оглас за засновање работен однос на даватели на јавни услуги и помошно-технички лица на неопределено време бр. 02/2024 од 10.10.2024 година, објавен во дневен печат на 14.10.2024 година, за три работни места и тројца извршители од група даватели на јавни услуги, се избираат следниве кандидати:
1) Раководител на одделение за водовод, КДР 03 05 А03 004: **Лазар Петров од Гевгелија,**
2) Одговорен за евиденција и контрола во баждарница, КДР 03 05 Б02 025: **Славко Трајковски од Гевгелија,**
3) Работник за одржување паркови и зеленило, КДР 03 05 В02 015: **Борис Ичоќаев од Гевгелија.**

2. Одлуката за избор да се достави до избраните кандидати и да се објави на интернет страницата и на огласна табла на јавното претпријатие.

3. Во рок од пет дена од конечноста на одлуката за избор, директорот на јавното претпријатие со избраните кандидати склучува договор за вработување.

**Упатство за правно средство**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Управниот одбор на претпријатието.

ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија
Директор,
**Раско Чочков**

Јавно претпријатие за комунални дејности КОМУНАЛЕЦ Гевгелија

Доставено до:
- избрани кандидати
- огласна табла
- интернет страна на ЈП
- архива